**2017009085**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 61 став (2) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), министерот за правда донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА МЕДИЈАТОР, ПРИЗНАВАЊЕ НА ОБУКИТЕ ЗАВРШЕНИ ВО СТРАНСТВО И ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ОДНОСНО АКРЕДИТАЦИИТЕ

Член 1

Со овој тарифник се определува висината на реално потребните трошоци за полагање на испитот за медијатор, признавање на обуките завршени во странство и издавање на лиценците односно акредитациите од страна на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

Член 2

Висината на реално потребните трошоци за полагање на испитот за медијатор е во износ од 9.000,00 денари.

Член 3

Висината на реално потребните трошоци за признавање на обуки завршени во странство е во износ од 9.000,00 денари.

Член 4

Висината на реално потребните трошоци за издавање на лиценца за медијатор е во износ од 600,00 денари.

Член 5

Висината на реално потребните трошоци за акредитација на програма за обука на медијатори е во износ од 150.000,00 денари.

Член 6

(1) Трошоците за полагање на испитот за медијатор, за признавање на обуки завршени во странство, за издавање на лиценца за медијатор и за акредитација на програма за обука на медијатор, се уплатуваат на сметка на Министерството за правда.

(2) Доколку кон пријавата не е доставен доказ дека се платени трошоците утврдени во членовите 2, 3, 4 и 5 од овој тарифник, пријавата не се зема во работа.

Член 7

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-201/1
17 јануари 2017 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери**, с.р.